## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ХРВАТСКА КНИЖЕВНОСТ“ ОД ПРОФ. ЛУСИ КАРАНИКОЛОВА-ЧОЧОРОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 1902-44/16 од 117. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет одржана на 4.2.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,
– проф. д-р Јованка Денкова, Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Практикум по хрватска книжевност“ од проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска** наменет за студентите од прв циклус на студии при Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот од проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска понуден како учебно помагало со наслов „Практикум по хрватска книжевност“ за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип, се однесува на предметот Хрватска книжевност, со седмичен фонд на часови 2+2+2 за студентите од Катедрата по македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Овој практикум ги дополнува содржините по предложениот за објавување во електронска форма учебник по предметот Хрватска книжевност, што се слуша во шестиот семестар и со наслов „Хрватска книжевност“. Авторот овде не ја поместува предметната програма по овој предмет, зашто таа веќе се наоѓа во учебникот.

Текстот брои вкупно 106 страници, А4 формат и содржи вкупно 13 поглавја. Работен според предметната програма по предметот Хрватска книжевност, кој периодизациски го изучува хрватскиот литературен 19 век и неколку децении од 20 век. Тоа поточно значи дека во ова учебно помагало (и во овој предмет) се изучува т.н. нова хрватска книжевност, на која ние, заради важноста, но и заради периодот што се изучува го додаваме и основоположникот на хрватската модерна и еден од најголемите хрватски автори воопшто, Антун Густав Матош.

Хронолошки, најнапред се обработува периодот на хрватската национална преродба познат како илиризам, со нејзиниот лидер Људевит Гај. Од него, пред студентите ставени се на увид и можност за анализа неговата песна – будница „Хорватов слога изједињење“. Во практикумот се пренесува песната во оригинал, со прашање за анализа и интерпретација.

Станко Враз во овој практикум е застапен со извадоци од неговата стихозбирка во четири пеења „Ѓулабии“, во која се испреплетуваат љубовниот и таковинскиот мотив. За Станко Враз е додаден и еден текст од авторката Караниколова-Чочоровска, како уште едно, можно читање (можна анализа) на стихозбирката „Ѓулабии“.

Австрискиот генерал, поетот Петар Прерадовиќ се изучува со повеќето циклуси поезија (љубовна, патриотска, рефлексивна), а се анализира песната „Патник“. Песната во ова учебно помагало е застапена во оригинал.

Натурализираниот Хрват со грчко потекло Димитрија Деметар, како основоположник на хрватската драма и театар го изучуваме со трагедијата за илирската кралица „Теута". Притоа, студентите се запознаваат и со историската предлошка на оваа драма, а дадена е и анализа според драмската композиција.

Иван Мажураниќ е застапен со обемен осврт и анализа на епската поема „Смртта на Смаил-ага Ченгиќ". Притоа се укажува и на исклучителните стилски вредности на ова дело, кое е наредено во најуспешните од епохата на романтизмот во историјата на јужнословенските литератури, се разбира заедно со нашиот Григор Прличев и поемата „Сердарот" и со „Горски венец" на Петар Петровиќ Његош. Кон ова поглавје додаден е и еден текст од авторката Караниколова-Чочорвска кој дава паралелна, специјалистичка анализа на „Смртта на Смаил-ага Ченгиќ" и „Сердарот" од Григор Прличев.

Хрватскиот реализам се изучува најнапред со неговиот зачетник Аугуст Шеноа и тоа со задолжителна анализа на романот „Златаревото злато", како и со приказ на многузначајниот негов роман „Селанска буна". Исто така, Шеноа се изучува и со неговата поезија. И во поглавјето за Шеноа дадена е можност за уште едно читање на романот „Златерево злато", преку анализа на неговото дескриптивно рамниште. Тоа е уште еден авторски текст на Караниколова-Чочоровска, понуден како уште една можност за пристап кон романот „Златото на златарот" од Аугуст Шеноа.

Следува Анте Ковачиќ и неговиот обемен и многузначаен за хрватскиот реализам роман „Во регистратурата". Романот е детално анализиран, преку приказ на фабулата и осврт спрема ликовите.

Евгениј Кумичиќ, кој во хрватската литература од 19 век се смета и за основоположник на натурализмот во овој практикум е застапен со анализа на романот „Госпоѓа Сабина".

Ксавер Шандор Ѓалски се изучува со анализа на неговата „збирка раскази кои прават целина" - „Под старите кровови". Особено внимание се посветува на првиот расказ „Ilustrisimus Batorich", што студентите се запознаваат со белезите на реализмот преку пропаста на феудалната аристократија и пробивот на капитализмот.

Особено внимание се посветува на анализата на творештвото на хрватскиот писател, шумар по професија, Јосип Козарац, а најмногу на неговата раскажувачка проза, која ја имаме и во македонски превод од Атанас Вангелов (1977). Кон ова поглавје додаден е повторно авторски текст од Караниколова-Чочоровска за, овој пат, едно „женско" читање на двата расказа „Тена" и „Мира Кодолиќева".

Следува изучувањето на писателов Вјенцислав Новак со неговиот роман „Последните Стипанчиќевци", кои го прикажуваат последниот удар на хрватската аристократија, преку претставување на животот на едно семејство од градот Сењ.

Се изучува и големиот хрватски поет, претставник на хрватскиот реализам Силвие Страхимир Кранчевиќ со увид во неговото поетско творештво и со анализа на неколку негови песни.

Последен се изучува основоположникот и главен претставник на хрватската модерна Антун Густав Матош, така што повеќе внимание ќе се посвети на неговата поезија, додека неговата раскажувачка проза се изучува во преглед.

На крајот од секое поглавје пооделно е даден список на користена литература, а на крајот од ова учебно помагало се приложени и кратки биографски податоци за авторот.

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот на проф. д-р Луси Караниколова-Чочорвска со наслов „Практикум по хрватска книжевност“ што е понуден за објавување како прирачник кон универзитетски учебник претставува сериозно изработен труд, методски и методолошки, во кој на еден системски и хронолошки начин се понудени историско-книжевните и естетско-литерарните аспекти на најрепрезентативните автори на Новата хрватска литература. Очигледно е дека авторот подолг период се занимава со литература, така што содржините се главно искуствено пренесени. Авторот не се колеба да посочи дека во оформувањето на овој учебник користела материјали од нејзините студентски денови и секако, богата критичко-теориска и теоретска литература.

Содржините на ракописот се концизни, во нив е застапен неопходниот материјал за совладување на хрватската книжевност, така што по таков начин и студентите се поттикнуваат на дополнителна литература и потемелно совладување на оваа јужнословенска книжевност. Особено е драгоцена понудената можност за анализа на репрезентативните дела од најголемите хрватски поети и писатели од 19 век, заедно со авторски трудови на Караниколова-Чочоровска, кои пак нудат специјалистичка анализа на односни автори и дела.

Учебното помагало „Практикум по хрватска книжевност“ во голема мера ќе им помогне на студентите за совладување на содржините по предметот Хрватска книжевност.

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на прирачникот со наслов „Практикум по хрватска книжевност“, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска во целост ги исполнува критериумите за објавување на универзитетски учебници и наставни помагала предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како учебно помагало (практикум) по предметот Хрватска книжевност.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Виолета Димова, с.р.**
**Проф. д-р Јованка Денкова, с.р.**